**20080460783**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 14 став 3 од Законот за обезбедување на лица и имот („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/99 и 66/2007), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛИЦА И ИМОТ И НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за образецот на легитимацијата за обезбедување на лица и имот и начинот на нејзиното издавање („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/2000), во член 2 став 1, зборовите „со темно сина боја" се бришат.

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Легитимацијата од ставот 1 на овој член, што се издава на работниците кои вршат обезбедување на лица и имот во правно лице регистрирано за вршење на таа дејност во вид на давање на услуги, е со темно сина боја, а легитимацијата што им се издава на работниците кои вршат обезбедување на лица и имот во правно лице кое обезбедувањето на лица и имот го врши за сопствени потреби, е со црвена боја."

Ставот 2 станува став 3.

Член 2

Членот 3 се менува и гласи:

„Предниот дел на легитимацијата содржи: Симбол на Комората, назив на органот што ја издава легитимацијата –„Комора на Република Македонија за обезбедување на лица и имот", назив „легитимација за обезбедување", место за впишување на број на легитимацијата, назив на правното лице регистрирано за вршење на дејност обезбедување на лица и имот во вид на давање на услуги, односно правното лице кое обезбедувањето на лица и имот го врши за сопствени потреби, име и презиме на носителот на легитимацијата, место за фотографија со димензии 3 x 2,5 см., место за потпис на претседателот на Комората и место за печат.

Задниот дел на легитимацијата содржи: отпечатен текст „Носителот на оваа легитимација е овластен да ги извршува работите предвидени со Законот за обезбедување на лица и имот", место за впишување на единствен матичен број на граѓанинот и крвна група на носителот на легитимацијата и датум на издавање на легитимацијата."

Член 3

Во член 4 став 1, зборовите „се доставува" се заменуваат со зборовите „правните лица регистрирани за вршење на дејност обезбедување на лица и имот во вид на давање на услуги, односно правните лица кое обезбедувањето на лица и имот го вршат за сопствени потреби го доставуваат".

Во став 2, по алинеја 1, се додава нова алинеја 2 која гласи:

„- дозвола за работа издадена од Министерството за внатрешни работи;".

Алинејата 2 , која станува алинеја 3 се менува и гласи:

„- доказ за заснован работен однос;".

По алинејата 3 која станува алинеја 4, се додаваат две нови алинеи 5 и 6 кои гласат:

„- доказ дека со правосилна пресуда или со правосилна одлука на прекршочен орган не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана на вршење професија, дејност или должност;

- лекарско уверение за општа здравствена состојба."

Алинеите 4 и 5, стануваат алинеи 7 и 8.

Член 4

Во член 5 став 1, зборовите „за тоа веднаш ја известува" се заменуваат со зборовите „ правните лица регистрирани за вршење на дејност обезбедување на лица и имот во вид на давање на услуги, односно правните лица кое обезбедувањето на лица и имот го вршат за сопствени потреби за тоа веднаш ја известуваат".

Член 5

Прилогот број 1 се заменува со нов Прилог број 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Правните лица регистрирани за вршење на дејност обезбедување на лица и имот во вид на давање на услуги и правните лица кое обезбедувањето на лица и имот го вршат за сопствени потреби, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој правилник поднесуваат барање до Комората за замена на легитимациите.

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 13.1-20200/1
27 март 2008 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.

## Прилог број 1 - Легитимација за обезбедување на лица и имот


КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛИЦА И ИМОТ

ЛЕГИТИМАЦИЈА
ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ
Број ______

НАЗИВ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ

ИМЕ

ПРЕЗИМЕ

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА КОМОРАТА

М П

Предна страна


Носителот на оваа легитиамција е овластен да ги извршува работите предвидени со Законот за обезбедување на лица и имот

ЕМБГ

КРВНА ГРУПА

ДАТА НА ИЗДАВАЊЕ

Задна страна